**Л**иберти Скопје, како дел од Либерти Стил Групацијата, претставува еден од најголемите производители на челични производи на Балканот. Компанијата нуди ладновалани, поцинкувани и пластифицирани производи, главно наменети за сегментот на општа индустрија на регионалниот пазар.




Во насока на поддршка и развој на млади таленти, Либерти Скопје објавува оглас за:

## Практикант во Човечки ресурси

Практикантот ќе има можност да стекне сеопфатно познавање и практично искуство во различни области на управување со човечки ресурси. Во текот на праксата, учесникот ќе биде активно вклучен во секојдневното работење на секторот и ќе има можност да придонесува во процеси поврзани со:

- поддршка во имплементација на HR политики и процедури,
- учество во активности за регрутација, развој и ангажираност на вработените,
- соработка во реализација на обуки и иницијативи за организациска култура,
- подготовка и анализа на податоци, извештаи и материјали за потребите на секторот,
- други тековни задачи и проекти во рамки на секторот.

### Потребни квалификации и компетенции:

- Завршено или тековно високо образование
- Изразен интерес за работа со луѓе
- Иницијативност, одговорност и способност за тимска работа
- Добри комуникациски и организациски вештини
- Добро познавање на англиски јазик (пишан и говорен)
- Солидно познавање на MS Office пакетот (Excel, PowerPoint, Word)

### Што нудиме:

- Практикантска работа со индивидуален менторски пристап
- Можност за стекнување практично знаење во современа индустриска компанија
- Поддржувачка и професионална работна средина
- Можност за понатамошен развој и потенцијално вработување

### 📩 Апликација:

Доколку сте мотивирани за практично искуство и професионален развој во областа на човечките

ресурси, испратете кратка биографија на **hr@libertysteelgroup.com.mk** со наслов: **„Апликација за практикант во Човечки ресурси“**

**Либерти Скопје – место каде што започнува вашиот професионален раст.**

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација ние ќе ги обработуваме Вашите лични податоци како преддоговорна активност или, доколку се согласите ќе ги чуваме во нашата база на кандидати. Вие можете да ја повлечете Вашата согласност во секое време со испраќање на барање на електронската пошта: HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com.
Либерти Скопје е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.